Врз основа на член 52 точка (1) од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 ,11/2018 и 14/20), секретарот на Општина Охрид донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување административен службеник

Кандидатот ТОМЕ НАНЕВСКИ се избира за работното место УПР0101Б02000, Раководител на Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште, во Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште.

Оваа одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на веб страната на Општината.

## О б р а з л о ж е н и е

Општина Охрид на својата веб страната и веб страната на Агенцијата за администрација на ден 31.12.2020 година објави интерен оглас број 1/2020 за унапредување на еден административен службеник за работното место УПР0101Б02000 Раководител на Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште.

Комисијата за селекција на ден 20.01.2021 година спроведе административна селекција за интерен оглас (записник бр. 03-477/1) и интервју за унапредување на административен службеник (записник бр. 03-477/2), врз основа на резултатите од спроведените фази за унапредување, Комисијата за селекција изготви финална ранг-листа и предлог за избор на кандидатот Томе Наневски на работното место УПР0101Б02000 Раководител на Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште, Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште, кој во законскиот рок го достави до Секретарот заради избор на кандидат.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Поука за правно средство:**Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб-страната на Општината.